МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје
штембил
Број 725186/4 8
13-11-2018
Дата

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**-Генерален секретаријат-**
Бр. 4606-9473/12 од 12.11 2018 година
С к о п ј е

**Македонски Телеком АД – Скопје**

**ДОГОВОР**
**ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ**

**Скопје, Ноември 2018 година**

**Д О Г О В О Р**
**за набавка на услуги**

Склучен на 12.11 2018 година, помеѓу:

1. **Владата на Република Македонија - Генерален секретаријат**, со седиште на бул.„Илинден„ бр. 2 Скопје, претставувана и застапувана од **Д-р Драги Рашковски**, Генерален секретар, во понатамошниот текст: **Договорен орган**, и
2. **Македонски Телеком АД – Скопје,** со седиште на ул.„13-ти Ноември“ бр.6, 1000 Скопје, со ЕМБС 5168660, претставувано и застапувано од **Владимир Буревски**, Раководител на Оддел за институционални корисници и **Манче Трендафилов**, Раководител на Служба за продажба за деловни корисници, во понатамошниот текст: **Носител на набавката**.

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**
Со овој Договор се регулираат условите и меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, за набавка на предметните услуги од член 2 од овој договор.

## II.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**
Предмет на овој Договор е набавка на услуги - **изнајмување на дополнителни виртуелни сервери и ресурси на интегрираната податочна платформа.**

## III.ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**
Вкупната вредност на Договорот изнесува **1.062.000** (со зборови: еден милион шеесет и две илјади) **денари** со пресметан ДДВ од 18%.
Согласно понудата на Носителот на набавката и исходот од преговарањето, единечните цени **по ставки** со ДДВ изнесуваат:

- **RAM меморија 1GB за сервер: 289,87 денари**
- **Процесор 1CPU за сервер: 706,68 денари**
- **Простор на диск од 50 GB SATA: 387,61 денари**
- **Простор на диск од 50 GB SAS: 717,07 денари**
- **Простор на диск од 1TB SAS: 11.473,14 денари**
- **Простор на диск од 1TB SATA: 6.192,64 денари**
- **SQLSvrStdCore ALNG LicSAPk MVL 2Lic CoreLic: 10.094,90 денари**
- **Windows server 2016 std: 1.085,60**

## IV.НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 4**

Договорните страни се согласни, Договорниот орган исплатата на фактурираниот износ од став 1 од овој член, да ја врши по извршена услуга и доставена фактура, во законски утврден рок (60 дена) сметано од првиот нареден ден, кога Договорниот орган ја примил во архивата, фактурата за извршената услуга.

## V.ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 5**

Носителот на набавката се обврзува да ги извршува услугите од член 1 на овој Договор, согласно потребите и барањата на Договорниот орган утврдени во тендерската документација број 4606-9473/2 од 30.10.2018 година и Понудата бр. 4606-9473/2 од 02.11.2018 година, веднаш по добиено **известување/нарачка од страна на Договорниот орган.**

Нарачките ќе се вршат периодично, во зависност од потребите на Договорниот орган

## VI.ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 6**

Договорниот орган се обврзува да врши исплата по доставена фактура за извршена услуга, на начин и рок утврдени во член 4 од овој Договор.

Договорниот орган се обврзува да му ги испрати потребниот број на примероци од договорот откако истиот ќе го потпише овластеното лице на договорниот орган, на Носителот на набавката.

## VII.ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

Овој Договорот е со важност до периодот на важност на основниот договор бр. 4606-210/26 од 24.07.2017година за набавка на услуги за обезбедување на интегрирана податочна платформа, односно до 24.07.2019 година.

**Член 8**

Договорните страни се согласни во случај на неоправдано неизвршување на услугата-предмет на набвката, Носителот на набавката да му плати на Договорниот орган договорна казна во висина од 0,5% од вкупната вредност утврдена во член 3 став 1 од овој Договор, за секој ден доцнење.

Договорната казна не смее да надмине 5% од вкупната вредност определена во член 3 од овој Договор.

## VIII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

Договорните страни можат да дополнат и/или изменат одделни одредби од договорот, или предвремено да го раскинат само спогодбено, исклучиво по претходно писмено известување до другата договорна страна, потврдено преку склучување Анекс Договор.

Дополнувањата и измените во Анекс договорот се важечки доколку се потпишани од двете договорни страни.

**Член 10**

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежен суд во Скопје.

**Член 11**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои по 3 (три) за секоја договорна страна.

**Македонски Телеком АД – Скопје**

**Владимир Буревски**
Раководител на Оддел
за институционални корисници

______________________

**Манче Трендафилов**
Раководител на Служба
за продажба за деловни корисници

______________________

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје
ул. 13-ти Ноември 6
1000 Скопје
8

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ГЕНАРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ**

**Д-р Драги Рашковски,**
Генерален секретар на Владата на
Република Македонија

______________________

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

*Подготвил: Даринка Јовановска*
*Контролирал: Анета Стевковска*

Одобрено од Област
за правни прашања
5